Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- ЦАРИНСКА УПРАВА -

Централна управа Одделение за прекршочна постапка

До:

Мурат Гроуп ДООЕЛ

улица Илинденска број 287

Тетово

**Предмет: Покана за писмено произнесување по прекршочна постапка**

**Врска : Прк.бр.0142/22**

До Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на РСМ поднесено е барање за поведување на прекршочна постапка број 28-012794/22-0005 од 10.04.2022 година, со кое се обвинувате дека сте сториле царински прекршок опишан во барањето.

Согласно член 60, став 3 од Законот за прекршоците (Сл.весник на РМ бр.96/19), Ви го доставуваме Барањето за поведување на прекршочна постапка и Ве повикуваме во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на истото **писмено** да се изјасните за фактите и доказите наведени во барањето, во врска со царинскиот прекршок, како и да ги приложите евентуалните докази со кои располагате, на адреса Царинска управа на РСМ, ул.Колекторска бб, Царинарница Скопје-До Комисија за одлучување по прекршок **Прк.бр.0142/22.**

Во спротивно Комисијата ќе ја утврди фактичката состојба и ќе одлучи по барањето за поведување на прекршочна постапка врз основа на приложената писмена документација.

Самостоен советник,
Дејан Атанасовски

Прилог:
- барање за поведување на прекршочна постапка број 28-012794/22-0005 од 10.04.2022 година

**Архивски број:**
**28-012794/22-0006**
**Скопје, 09.06.2022 година**
01.10.00.УП.001.06-ОБ.06.06


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија

Ул. „Лазар Личеноски“ бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија

Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

До
Одделение за прекршочна постапка-Комисија за одлучување по прекршок

02.20.22.УП.001.01-ОБ.06.01

Врз основа на член 10 став 1 точка 6 од Законот за Царинска управа („Сл.весник на РМ" бр. 46/04, 81/05, 107/07,103/2008,64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15 и 129/15) и член 83 став 1 од Законот за прекршоците („Сл.весник на РСМ" бр. 96/19) , поднесуваме:

## БАРАЊЕ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

**ПРОТИВ:**

Индиго Гроуп ДООЕЛ со даночен број 4028018536451, седиште на адреса с. Глумово-Сарај , жиро сметка 240190113962264-УНИ Банка АД Скопје и
**Мухамед Имери**, управител на Индиго Гроуп ДООЕЛ, роден **17.11.1982**, со ЕМБГ **1711982470002** и место на живеење ул. **101 66 Д.Палчиште, Боговиње**

**ЗАТОА ШТО:**

На ден 08.12.2020 година во ЦИ Ќафасан отсек за стоково царинење направен е извоз 20MKXP50700001F234 за фирмата Индиго Гроуп, за што е заверен извозен доказ за потекло ЕУР 1 со број A nt 206411 по приложена фактура 42/2020 од 07.12.2020 година
Од страна на Царинската служба на Швајцарија пристигнато е барање за верификација на доказ за потекло –ЕУР 1 со број A nt 060292, број на барање 312.2.325.2021 од 07.10.2021 година и наш број *19-062348/21-0001 од 22.10.2021* година

На ден 29.11.2021 година испратен е допис – покана за произнесување број 34-062348/21-0013 од 03.12.2021 до фирмата Индиго Гроуп ДООЕЛ и управителот Мухамед Имери на адреса ул.Маршал Тито бр.55 - Тетово.На пликото и повратницата назначено е да се контактира и овластеното лице во Индиго Гроуп чив мобилен телефон беше запишан на пликото и повратницата со цел да го прими писмото Писмото, пликото заедно со дописот е вратено на ден 15.12.2021 година со назнака од поштата – "НЕ БАРАЛ" што значи никој не отишол да го подигне писмото.

Од страна на комисијата за верификација на ден 15.12.2021 година направен е втор обид за достава на дописот број 34-062348/21-0013 од 03.12.2021 до Индиго Гроуп ДООЕЛ и управителот Мухамед Имери на адреса ул. .Маршал Тито бр.55 – Тетово преку брза пошта со повратница број 2326945.

Извозникот Индиго Гроуп ДООЕЛ достави известување и барање за ослободување од понатамошна постапка на верификација, примено од страна на комисијата на 30.12.2021

година, но поради некомплетност на одговор и документација преку меил од страна на комисијата доставени се дополнителни насоки за обезбедување целосни докази и документи како би можеле да го докажат потеклото на стоката.

Сето ова им беше укажано на претставник на извозникот што треба дополнително да достават, а до извозникот беше испратено и ново барање за доставување дополнителни докази и податоци, истото е доставено по пошта и на меил arta-konsalting@hotmail.com, а тоа е меил адреса од книговодствената фирма на извозникот Индиго Гроуп. Барањето е со број 34-062350/21-0017 од 04.01.2022 година, и во истото даваме дополнителен рок од 7 дена да ни се достават дополнителни документи.

Бидејќи до 16.01.2022, комисијата не ги добила бараните дополнителни податоци,истата сметала дека извозникот не го докажал македонското преференцијално потекло на производите извезени по предметната декларација, и истото го констатитрала во записник 34-062348/21-0019-16.01.2022 година.

Од страна на Управникот на Царинарница Битола изготвен е и одговор до СКИ за извршена проверка на доказ за потекло 34-062348/22-0023 од 02.02.2022 година во која одговор се констатира негативен одговор и дека не се исполнети условите за стекнување преференцијално потекло.

Со горенаведеното правното сторило царински прекршок по член 263 а, став (4) вв став 1 точка 4 од царинскиот закон, а одговорното лице сторило царински прекршок по член 263а став (5) вв став 1 точка 4 од истиот закон. Изготвен е записник за царински прекршок 28-012794 /22-0001 од 13.03.2022 година.

Согласно чл. 263а став (6) на увозникот Индиго Гроуп ДООЕЛ, и одговорното лице **Мухамед Имери** издадени им се прекршочни платни налози кои во предвидениот рок не се платени.

**ПОРАДИ КОЕ СЕ ПРЕДЛАГА:**

Комисијата за одлучување по прекршок како стварно и месно надлежна да покрене прекршочна постапка против пријавениот за прекршокот кој му се става на товар, и по утврдување на доказите да биде огласен за виновен и казнет според законот. По писмено изготвување на Решението, еден примерок да биде доставен до Царинска испостава Ќафасан, заради наша евиденција.

Шеф
Димитрија Костојчиноски

Прилог:

1. Записник за царински прекршок број 28-012794 /22-0001 од 13.03.2022 година
2. Прекршочен платен налог за правно лице број 28-012794 /22-0002 од

13.03.2022

3.Прекршочен платен налог за одговорното лице во правното лице број 28-012794 /22-0001 од 13.03.2022

Бр. 28-12794/22-0005

Ќафасан, 10.04.2022 г.

Доставено во оригинал до:
- Комисија за одлучување по прекршок
- Предмет

Доставено преку ЕДМС до:
- Комисија за одлучување по прекршок